**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03 - 381
17 - 09 **2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), и Извештајот од редовниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 септември 2014 година бр.10-4542/2 од 15.09.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување на програми што не се означени пред почетокот на нивното емитување со соодветно акустично предупредување, а во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци, од страна на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1), в.д. Директорот на Агенцијата на ден 16.09.2014 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1), заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), односно емитување на програми што не се означени пред почетокот на нивното емитување со соодветно акустично предупредување, и кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, почеток и крај на период на емитување и опис на прекршување) во Извештајот од редовниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 септември 2014 година бр.10-4542/2 од 15.09.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1), во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат

операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, преку Секторот за програмски работи, на 2 септември 2014 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на програмата на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ 1), при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмата на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1), на 2 септември 2014 година, пред почетокот на играните програми не е емитувано акустично предупредување, а македонската народна приказна *Ако ветиш исполни,* не е означена со визуелен знак и во текот на нејзиното времетраење.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по наслов на емисија, период на емитување почеток и крај и опис на прекршување) во Извештајот од редовниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 септември 2014 година бр.10-4542/2 од 15.09.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Извештајот од редовниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 септември 2014 година бр.10-4542/2 од 15.09.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1) се презема мерка – опомена, со кое му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**в.д. Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од редовниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 септември 2014 година бр.10-4542/2 од 15.09.2014 година

**Доставено до:**

- Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1);
- Одговорното лице на програмата во Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв програмски сервис (МРТ 1);
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 15-09-2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4542/2 | 1 | |

# И З В Е Ш Т А Ј
## од редовниот надзор на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 2 септември 2014 година

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беа:

- обврските за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации; и
- обврските за заштита на малолетните лица од програми што можат да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој.

***Констатации:***

Со мониторингот на снимката од програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1) од 2 септември 2014 година, е констатирано **прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред програмите кои би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење).

На програмата на МРТ1 е регистрирано емитување на играни програми што не се означени пред почетокот на нивното емитување со соодветно акустично предупредување, и играни програми кои во текот на нивното времетраење не се означени со визуелни знаци.

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Ако ветиш исполни – македонска народна приказна | 06:06:15 | 06:31:26 | Наведената играна програма не е означена пред почетокот со соодветно акустично предупредување и не е емитуван визуелен знак во текот на нејзиното времетраење. |

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| Моќ - серија | 02:58:35 | 03:56:29 | Наведените играни програми не се означени пред почетокот со соодветно акустично предупредување. |
| Диви во срцето – серија | 11:23:49 | 12:08:34 | |
| Диви во срцето – серија | 12:11:49 | 12:57:42 | |
| Диви во срцето – серија | 17:45:07 | 18:30:28 | |
| Диви во срцето – серија | 18:35:26 | 19:20:35 | |
| Моќ - серија | 21:26:57 | 22:31:33 | |
| Спартак, војна на проколнатите – серија | 22:31:37 | 23:30:59 | |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на **член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** на Јавното радиодифузно претпријатие МРТ Скопје, Македонска телевизија – Прв програмски сервис (МРТ1), на 2 септември 2014 година, пред почетокот на играните програми не е емитувано акустично предупредување, а македонската народна приказна *Ако ветиш исполни*, не е означена со визуелен знак и во текот на нејзинито времетраење.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*15.09.2014 година*

| **Претходно изречена мерка:** |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).